ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-797/4**

**Дата: 15.11.2003**

**ДО**
**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА - ДПСМ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на Демократската партија на Србите во Македонија - ДПСМ (во натамошниот текст ДПСМ) на сметката за редовно работење.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност на ДПСМ (сметка за редовно работење) за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи на ДПСМ за 2012 година, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со извршената ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, констатирани се следните состојби:

- недоследна примена на сметководственото начело на модифицирано сметководство при признавањето на расходите;
- не извршен попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средствата;
- непостоење на договор за уредување на меѓусебните права и обврски за користење на опремата во просториите на партијата;
- неправилности поврзани со благајничкото работење и
- непостоење на договор за закуп на деловен простор.

Надлежните органи на партијата потребно е да превземат активности за надминување на утврдените состојби.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Извршивме обелоденување во делот на регулирање на висината и начинот на плаќање на членарината и користење на позајмица како извор на финансирање на политичката партија.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 14 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на сметката за редовно работење на ДПСМ, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на редовната сметка на ДПСМ за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Иван Стоилковиќ, претседател на ДПСМ

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ДПСМ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.07.2013 до 12.07.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на ДПСМ – предмет на ревизија, одржан на ден 01.08.2013 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со извршената ревизија на деловните книги/начинот на евиденција и искажување на сметководствените настани/трансакции во истите, ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на непрофитните организации, прифатените сметководствени принципи и сметководствено прифатената практика и тоа:

- не е применето сметководственото начело на модифицирано сметководство при признавањето на расходите за 2012 година, поради што не се искажани расходи за исплатени парични средства до 31.01.2013 година, кои се однесуваат на известувачкиот период, во вкупен износ од 141 илјади денари. Помалку искажаниот износ на расходи влијае на искажување на поголем вишок на приходи во 2012 година;
- при сметководствената евиденција во деловните книги не се во целост применети пропишаните сметки во сметководствениот план за непрофитни организации.

Утврдените состојби влијаат на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и квалитетот на информациите кои ги даваат истите.

**Препорака:**

Одговорното лице во партијата да преземе мерки и активности за:

- целосна примена на сметководственото начело на модифицирано сметководство и признавање на приходите и расходите и
- поврзување на деловните книги, усогласување на користените сметки за евиденција во деловните книги со сметковниот план за непрофитни организации и правилно искажување на трансакциите во деловните книги.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Политичката партија нема спроведено попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средствата со состојба на 31 декември 2012 година, што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството за непрофитните организации и Правилникот за сметководството на непрофитните организации. Поради тоа ревизијата не беше во можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните податоци во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември.

Во текот на ревизијата преземени се мерки за надминување на наведените состојби, односно:

- донесена е Одлука број 32-13 од 11.07.2013 година за формирање на комисија за спроведување на вонреден попис и изготвен е Извештај од спроведениот попис со состојба на 30.06.2013 година;
- доставена е Изјава од законскиот застапник на партијата, за давање на користење/позајмување на неодредено време на движен имот на партијата.

Со примена на аналитички постапки, ревизијата го потврди основот за настанатите обврски и побарувања, како и нивната усогласеност со сметководствената евиденција.

**Препорака:**

Одговорното лице во партијата да воспостави пракса за спроведување попис на средствата на крајот на годината и да изврши нивно усогласување со сметководствената состојба.

3.2.2. Политичката партија користи деловен простор кој е сопственост на правен субјект за што е склучен договор за закуп за уредување на меѓусебните права и обврски. Со извршениот увид во одредбите од наведениот договор се констатира дека деловниот простор не е опремен, односно обврската за опремување е на самата партија. Во периодот на извршување на ревизијата констатирано е дека во деловниот простор се наоѓа опрема која се користи од страна на партијата, но не е во нејзина сопственост, а според дадените информации од овластените лица на партијата, истата е сопственост на законскиот застапник на партијата. На ревизијата не и е презентиран договор за уредување на меѓусебните права и обврски за користење на наведената опрема, а од страна на давателот на истата не е доставено известување за висината на цената на чинење на дадената услуга, што не е во согласност со член 15 од Законот за финансирање на политичките

партии. Утврдената состојба влијае на неможност од потврдување на вредноста на донацијата, односно бесплатно преотстапените материјални средства.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да склучи договор за уредување на меѓусебните права и обврски за користење на наведената опрема.

3.2.3. Во 2012 година извршени се исплати од сметката во износ од 1.381 илјади денари, од кои 584 илјади денари или 42% од исплатите се извршени во готово, односно преку благајната.

Со увид во сметководствената документација за плаќањата извршени преку благајна на партијата ревизијата утврди дека:

- во неколку случаи исплатите не се поткрепени со уредна сметководствена документација како основа за внесување во деловните книги, што не е во согласност со член 10 од Законот за сметководството за непрофитните организации;
- ДПСМ нема донесено акт за утврдување на висината на благајничкиот максимум, што не е во согласност со член 20 од Законот за платниот промет.

  Во текот на ревизијата од страна на претседателот на ДПСМ донесена е Одлука број 31-13 од 11.07.2013 година за утврдување на висината на благајнички максимум, поради што ревизијата не дава препорака;
- извршени се плаќања на производи и услуги во готово во вкупен износ од 261 илјади денари, чии поединечни износи го надминуваат законски дозволениот лимит од 6 илјади денари, што не е во согласност со член 20 од Законот за платниот промет.

Извршените плаќања врз основа на некомплетна документација може да доведат до исплата на средствата без почитување на законските барања.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да преземе мерки и активности за секоја извршена трансакција да обезбедува и приложува соодветна документација како потврда за настанатите финансиски промени, додека исплатата на средствата во готово да не го надминува законски утврдениот лимит.

**Биланс на приходи и расходи**

3.2.4. Врз основа на доставените податоци од ДПСМ за бројот и територијалната поделба на општинските организации, партијата својата активност ја остварува преку 23 општински организации, според кои за 21 општинска

организација не поседува простории, за 1 општинска организација во Скопје користи објект под закуп и за 1 општинска организација во Куманово користи заеднички простории со друг субјект. Со извршениот увид во деловните книги, утврдивме дека партијата не поседува градежни објекти во нејзина сопственост, а за општинската организација во Скопје се користи изнајмен објект за одреден надомест согласно склучен договор со важност од 01.10.2012 година, за кој до моментот на склучување на договорот евидентирани се расходи за комунални услуги во вкупен износ од 171 илјади денари. На ревизијата не и се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски за користење на објектот во Скопје до месец септември 2012 година и за објектот што го користи во Куманово, со што не постои можност за потврдување на вкупните трошоци во случаите каде партијата користи деловен простор со надомест или за висината на донацијата во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

Во текот на ревизијата, склучен е Договор број 33-13 од 11.07.2013 година за користење на деловниот простор во Куманово со надомест, поради што ревизијата не дава препорака.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупни ефекти од изнесените наоди во точката 4.2., чие влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата се:

- не извршен попис и сметководствено усогласување на средствата и изворите на средствата;
- непостоење на договор за уредување на меѓусебните права и обврски за користење на опремата во просториите на партијата;
- неправилности поврзани со благајничкото работење и
- непостоење на договор за закуп на деловен простор.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење – за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ДПСМ на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на ДПСМ, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[1]".

До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

[1] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

5.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[2]". Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија" број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[3] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа". За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно

[2] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[3] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481- Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

5.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија“ број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.
Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоре наведените законски акти.

**6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

6.1. Во член 13, став 1, алинеа 1 и член 14 од Законот за финансирање на политичките партии, наведени се приватните извори на финансирање на политичките партии, помеѓу кои е финансирањето по основ на членарина. Под членарина се подразбира редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно член 32 од Статутот на ДПСМ, Главниот одбор донесува Одлука за висината и начинот на плаќање на членарина. Од страна на генералниот секретар на ДПСМ, по задолжување на Извршниот одбор, во 2006 година предложено е донесување на Одлука за висината и начинот на плаќање на членарина, со која се дефинирани висината и начинот на плаќање на членарината по категории на лица (органи и членови на партијата). Со Одлука број 26/09 од 16.04.2009 година донесена од страна на Извршниот одбор на партијата сите членови се ослободуваат од плаќање членарина, без исклучување на

можноста од плаќање на истата по волја на членовите. Не наплатувањето на членарината како извор на финансирање предизвикува намалени приходи на партијата и ограничување во извршувањето на нејзините активности.

6.2. Приватните извори на финансирање на политичките партии се уредени со член 13 од Законот за финансирање на политичките партии каде е наведено дека истите можат да се финансираат од членарина, подароци, донации, прилози, спонзорства и.т.н. Во известувачкиот период партијата има примено позајмица од физичко лице во износ од 50 илјади денари и истата е вратена во текот на годината. Ревизијата истакнува дека согласно одредбите од Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации, во делот на класите Краткорочни обврски и пасивни пресметковни сметки и Извори на средства, пропишани се сметки Обврски за краткорочни кредити, депозити и заеми и Долгорочни кредити од банките во земјата. Исто така, во образецот „Годишен финансиски извештај„ дефиниран со Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на годишниот финансиски извештај за политичките партии во делот на II РАСХОДИ, точка 39, како расходна ставка пропишана е и „камати на кредити и заеми„. Ревизијата укажува дека со одредбите на член 13 од Законот за финансирање на политичките партии заемите не се дефинирани како извор на финансирање на политичките партии.

6.3. Во текот на ревизијата од страна на партијата прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија, кои предизвикаа активата и пасивата во финансискиот извештај - билансот на состојба да се зголемат за 52 илјади денари. Исправките се спроведени со налог за книжење број 01/02 од 11.07.2013 година. Исто така, прифатени се корекции кои предизвикаа зголемување на вонбилансната евиденција - активата и пасивата во финансискиот извештај - билансот на состојба, за износ од 317 илјади денари, спроведени со налог за книжење број 02/02 од 11.07.2013 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.1. | 1.127 | 1.167 |
| Други приходи | 3.1.2. | - | 32 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година | 3.1.3. | 549 | - |
| **Вкупно приходи** | | **1.676** | **1.199** |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги, амортизација | 3.2.1. | 646 | 282 |
| Други расходи | 3.2.2. | 602 | 343 |
| Плати и надоместоци на плати | 3.2.3. | 11 | - |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3.2.4. | 40 | 25 |
| Вонредни расходи | 3.2.5. | 23 | - |
| **Вкупно расходи** | | **1.322** | **650** |
| **Нето вишок на приходи-добивка по оданочување** | | **354** | **549** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и АВР** | | | |
| Парични средства | 4.1.1.1. | 354 | 549 |
| Други краткорочни побарувања | 4.1.1.2. | 109 | 166 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1.3. | 576 | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.039** | **715** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.2.1. | 22 | - |
| **Вкупно постојани средства** | | **22** | **-** |
| **Вкупна актива** | | **1.061** | **715** |
| **Вонбилансна евиденција - актива** | **4.2.** | **317** | **-** |
| **Пасива** | | | |
| **Краторочни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски и пасивни пресметковни сметки | 4.3.1.1. | 686 | 166 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1.2. | 353 | 549 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.039** | **715** |
| **Извори на деловни средства** | | | |
| Деловен фонд | 4.3.2.1. | 22 | - |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **22** | **-** |
| **Вкупна пасива** | | **1.061** | **715** |
| **Вонбилансна евиденција - пасива** | **4.4.** | **317** | **-** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Деловен фонд** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| Состојба 01.01.2012 година | - | - |
| **Зголемување по основ на:** | **22** | **22** |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата (набавка на опрема) | 22 | 22 |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **22** | **22** |



*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ______________________
*2.* ______________________
*3.* ______________________ __________________________